РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ
Ул. „Димитрие Чуповски“ бр.13, 1000 Скопје, тел. 02/3289-200; факс 02/3224-611
www.aec.mk email: contact@aec.mk

Врз основа на член 17 точка ѓ) и член 45 став (4) од Законот за електронските комуникации (Службен весник на Република Македонија број 13/2005, 14/2007, 55/2007 98/2008 и 83/2010) и членовите 5 и 42 од Правилникот за нивото на деталност на информациите што ќе бидат објавени во референтните понуди за интерконекција и начинот на нивното објавување (Службен весник на Република Македонија број 154/2008), во постапка на одобрување на референтната понуда за интерконекција на НЕОТЕЛ ДОО Скопје, директорот на Агенцијата за електронски комуникации на ден 28.12.2010 година донесе

## О Д О Б Р Е Н И Е

I

СЕ ОДОБРУВА Референтната понуда за интерконекција, доставена со допис број 0601-2140/2 од 29.11.2010 година на НЕОТЕЛ ДОО. Скопје.

II

СЕ ЗАДОЛЖУВА НЕОТЕЛ ДОО, Скопје, во рок од 5 дена од денот на приемот на ова одобрение да ја објави Референтната понуда за интерконекција од точка I на ова одобрение и истата да ја применува првиот ден од наредниот месец кој следи по месецот во кој е добиено ова одобрение.

## О б р а з л о ж е н и е

Постапувајќи во согласност со Решението број 03-5509/1 од 28.10.2010 година, донесено од директорот на Агенцијата за електронски комуникации, НЕОТЕЛ ДОО Скопје, како оператор со значителна пазарна моќ на релевантниот пазар за продажба на производи и услуги на големо-Услуга за завршување на повик во јавна телефонска мрежа на фиксна локација, до Агенцијата за електронски комуникации со допис број 0601-2140/2 од 29.11.2010 година, достави на одобрување предлог Референтна понуда за интерконекција.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ
Ул. „Димитрие Чуповски“ бр.13, 1000 Скопје, тел. 02/3289-200; факс 02/3224-611
www.aec.mk email: contact@aec.mk

Во постапката на одобрување на доставениот предлог на Референтната понуда за интерконекција, Агенцијата за електронски комуникации утврди дека Референтната понуда за интерконекција е изработена во согласност со одредбите на Законот за електронските комуникации и Правилникот за нивото на деталност на информациите што ќе бидат објавени во референтните понуди за интерконекција и начинот на нивното објавување.

Со оглед на ова, а во согласност со член 45 став (4) од Законот за електронските комуникации (Службен весник на Република Македонија број 13/2005, 14/2007, 55/2007 98/2008 и 83/2010) и членовите 5 и 42 од Правилникот за нивото на деталност на информациите што ќе бидат објавени во референтните понуди за интерконекција и начинот на нивното објавување (Службен весник на Република Македонија број 154/2008), директорот на Агенцијата за електронски комуникации го донесе ова одобрение.

Советник за работи од
областа на правото
Лилјана Денковска

Сектор за телекомуникации
Раководител
Игор Ангелевски

Сектор за анализа на пазарот
Раководител
Васка Петровиќ

Директор
Роберт Ордановски

Наш број 03-5509/7
29.12.2010 година